# И З В Е С Т У В А Њ Е
## за полагање на стручен испит за ракувачи на одделни видови енергетски уреди и постројки за септемвриска сесија 2018

Согласно Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 41/14, 151/14, 33/15, 192/15, 215/15, 6/2016, 53/2016 и 189/2016), стручните и административните работи за потребите на спроведување на стручниот испит за ракувачи на одделни видови енергетски уреди и постројки ги врши Министерството за економија.

Стручен испит за ракувачи на одделни видови енергетски уреди и постројки може да полага лице кои ги исполнува следните услови:

- да има соодветно образование во областа за видот на ракувач што сака да го полага, согласно член 157-а од наведениот Закон за енергетика и
- да има соодветно работно искуство на соодветни енергетски уреди и постројки под надзор по завршувањето на наведеното образование, согласно член 157-а од Законот за енергетика.

Заинтересираните кандидати треба да поднесат барање за полагање на стручен испит за ракувачи на одделни видови енергетски уреди и постројки до Министерството за економија, на образецот објавен на интернет страницата на Министерството за економија.
Во прилог кон барањето кандидатот е потребно да ги достави следните документи:

- Заверен препис на нотар од дипломата за стручна подготовка;
- Извод од матична книга на родени;
- Потврда за работно искуство на соодветни енергетски уреди и постројки под надзор;
- Доказ за платен надомест за полагање на стручниот испит (уплатница за уплатен надоместок на сметка на Министерството за економија во износ од 4400 денари).

Барањата за полагање на испитот се поднесуваат по пошта, на адреса на Министерството за економија (ул. Јуриј Гагарин бр. 15, 1000 Скопје) или во архивата на Министерството за економија, секој работен ден од 9:00 часот до 16:00 часот, најкасно до **15 август 2018** година.
Полагањето на стручниот испит за ракувачи на одделни видови енергетски уреди и постројки ќе се прави во четири испитни сесии во текот на годината, и тоа во: мартовска, мајска, септемвриска и декемвриска испитна сесија.

Електронската база на прашања за потребите од електронско полагање на првиот (теоретскиот) дел и вториот дел од испитот за ракувачи на одделни видови енергетски уреди и постројки е објавена на prasanja.mk

Полагањето на првиот (теоретскиот) дел од испитот е закажано за **18.09.2018 година, со почеток во 08:30 часот до 14:00 часот.** Полагањето ќе се спроведе во просториите на Правен факултет „Јустинијан Први“ Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Бул. Гоце Делчев 9б, 1000 Скопје**.**

Дополнителни информации може да се добијат на 02/ 3093 430 и 3093 426 или на следната е-маил адреса: ismail.luma@economy.gov.mk, zaneta.petrova@economy.gov.mk